# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ



ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2019

*Сабота, 6 јули 2019*

# 1. ТОЈ МОЖЕ

**„Знам кому сум му поверувал и уверен сум дека Тој може да го запази она што му го доверив, до оној Ден“ (2. Тимотеева 1,12).**

Зборовите на овој текст вдахнуваат и одновно осведочуваат. Каков израз на доверба во она што Бог го кажува и го прави! Големината на Неговото дело секогаш одушевува. Силата на неговите зборови и осведочувањето во неговата моќ биле Павлово искуство, а нам ни дава сила да го извршуваме делото што Бог ни го доверил. Павловата физичка сила била при крај, бил врзан и буквално и со синцитите на околностите, но изразува голема доверба. Ова е пример на живо, вистинско сведочење за Христа. Тој има силна вера во конечната победа на Исусовото евангелие! Тоа е сржта на христијанското сведочење.

Затоа и Петар зборува: „Зашто кога ви ја објавивме силата и доаѓањето на нашиот Госопд Исус Христос, ние не следевме лукаво измислени бајки, но станавме очевидци на неговото величие“ (2. Петрово 1,16). А Јован на овие зборови го додал своето сведоштво: „...она што го слушнавме, она што со свои очи го видовме, што го набљудувавме и нашите раце што го опипаа, за Словото на животот“ (1. Јованово 1,1).

## Мојот Бог може

Павловото сведоштво, дека Бог може, се засновува на познавањето на Бога од три гледни точки:

**Прво:** „Засолниште е вечниот Бог“ (5. Мојсеева 33,27). Слична мисла читаме во Исаија 40,28.29: „Зарем не знаеш? Не слушна ли дека Бог е вечен Бог, кој ги создал земните краишта; Тој не се заморува, не поставува и неговиот ум е неизмерлив. На заморениот му ја враќа силата, го зајакнува немоќниот.“

**Второ:** „Свеста за она што Бог сторил за него.“ Внимателното читање на текстот од 2. Тимотеј, ни открива колку блиску Павле ја доживувал Божјата присутност и Неговата моќ. Во најтешките физички неволји и рани, Божјата моќ била со него! „Од сите ме избави Господ“, воскликнува Павле. Што може Бог денес да стори за нас? Колку може преку нас? И со нас!

**Трето:** Она што Бог го направил за својот народ! Павле истакнува: „А на оној кој може поизобилно да прави сè она што го бараме или мислиме, по силата која дејствува во нас, може да направи прекумерно над сè што ние молиме или мислиме“ (Ефешаните 3,20.21). „Сè можам во Исуса Христа, кој ми дава сила.“

Меѓу Божјиот народ постојат бројни примери на преобратени животи, кои го потврдуваат ова Павлово осведочување. Историјата на Божјиот народ го става пред очи фактот дека некогашните робови во Египет, Израелците, „со силната Господова рака“ станале слободни луѓе, негов заветен народ. Бог можел и тоа го направил! Во Новиот завет Бог повторно може! Тој ја чува својата црква од самиот почеток, ја води низ големи искушенија, низ необични опасности, сè до конечната победа (Откровение 12 глава).

Сите други текстови каде што се зборува за Божјето величие и моќ при создавањето и одржувањето, прикажуваат сликовито дека нашата доверба во Него не е залудна. Единственоста на неговите закони, со кои владее со вселенат: „Небесата зборуваат за Божјата слава и делата на рацете негови ги навестува небесниот свод“ (Псалм 19,1-6), зборува за неговата моќ, а ако тој говор не го разбираме, Павле вели: „Тој зборува преку Синот“ (Евреите 1,1). Бог прави сè за да може да нè осведочи. Само осведочените во Неговата моќ можат да бидат неговите сведоци. Павле додава: „Имаме силна утеха“ (Евреите 6,17-20), сигурност, непоколебливост за сè Она што Тој го вели. Тој, преку чии зборови е создадена вселената и сè држи во движење, може да го оствари своето дело и за нас луѓето, зашто ние сме објект на Неговата милост.

**Што може Бог да стори?**

На подрачјето на физичките закони, Бог веќе ја покажал својата бескрајна моќ на подрачјето на планирање и создавање. Но сета материја што ја обликувал и создал според својата волја, е негово дело и таа му се покорува. Со интелигентните битија, и тоа побунети, Божјиот ризик и вложување се огромни. Тој ја почитува нашата слободна волја, на нас, кои сме подложни на силата на гревот. И не постапува со нас како при создавањето на физичките облици на живот. За момент би можел сè да преуреди, „нашиот систем“ на размислување и да ги „наместим“ одлуките како што сака Тој. Но тој не сака така „наместени“ битија, туку личности кои имаат разум, интелигенција и слободна волја. Тој сака луѓето да бидат свесни за своите потреби, свесни за Неговата љубов и моќ да ги спаси; свесни за својата немоќна состојба и за Неговата волја да ги спаси. Павле кажува: „Затоа и ’може занавек да спаси“ (Евреите 7,25). Тој го прави тоа на тој начин што го доведува човекот до ново раѓање, ново обликување според ликот на својот Син. „Затоа, кој е во Христа тој е ново создание, старото помина, гледај сè ново настана!“ (2. Коринќаните 5,17).

Чудесен е Патот! Чудесна е Вистината! Чудесен е Животот! Со сликата за Христовата смрт и воскресение Павле објаснува: доброволна смрт на гревот и воскресение во нов живот. Тоа е она што Бог може да стори. Тој нов живот Тој го чува со Христовото присуство во нас. Затоа ќе ги покаже пред вселената „без мана“.

**Што можам јас да сторам?**

Под „зона на одговорноста“ обично мислам на ограничувања. Значи, прво – за она што не можам да го направам. Тогаш ми се чини дека не сум добар сведок за Божјата моќ да спаси. Сметам дека секој друг, дури и ангелите можат да напрват многу повеќе отколку што можам јас. Павле извикал: „Сè можам во Исуса Христа, кој ми дава сила“. Христовото присуство во мене „може“ на првенствено да го преуреди редоследот на моите активности и деловниот распоред. Во која насока? Во

колкава мера? За да одговорам на овие прашање мора да му дозволам на Христа да воспостави рамнотежа во мојата вера во секојдневните должности. Ние тоа го нарекуваме: одржување на животот на овој свет. А морам да се одржам до Христовото доаѓање или до моето заминување од овој свет, чекајќи го во покој Христовото доаѓање.

Меѓутоа, има нешто што е многу важно за мојот живот: верувам во друг – подобар живот кој ми го дава Бог, зашто Тој тоа може и сакам да бидам таму со него. Но, треба да се замислам ако, поради одржување на животот на овој свет, немам време (или не сум нашол до сега) да бидам Божји сведок, а во потесна смисла на зборот – сведок! Тоа значи да се појавувам пред луѓето – а тоа може да биде поединец, дом, група на луѓе – во едно одредено време кое сум го одвоил и одредил да го поминам како сведок. Тоа можам да го правам сам или организирано, може да биде помала или поголема група на внимателно одбрано подрачје од некое населено место. Ова можам да го направам ако верувам дека Бог во Христа ме спасува и дека сака и „може" да ги спаси и другите, а не само мене. „Сакам да ја творам твојата волја Боже мој". Што може да направи Бог со мене како негов сведок?

*Сабота, 3 август 2019*

## ДА СЕ РАЗБУДИМЕ ОД СОНОТ

**„И правете го тоа затоа што го знаете времето во кое сме, зашто е веќе време да се разбудите од сонот; зашто сега спасението ни е поблизу, отколку кога поверувавме. Ноќта помина, а денот наближи. Затоа да ги офрлиме делата на темнината, а да се облечеме во оружјето на светлината " (Римјаните 13,11.12).**

Христијаните во тоа време со сесрдна и жива вера го очекувале скорото Христово доаѓање. Апостолот ги храбрел, под товарот на тешкотиите, притисоците и прогонствата, нивната

вера да не ослаби и тие да не заспијат во духовен сон. Знакот, кога некој христијанин би заспал и би се нашол во духовна темнина, бил сосем јасен. Таквите чинеле дела на темнината! Тоа се вушност дела на гревот. Претходно Павле ги објаснува општествените односи во кои христијаните се движат. Целата дванаесетта глава е полна со драгоцени совети и со врвни етички и морални норми за христијаните кои се борат со „оружјето на светлината".

Овде зборот „светлина" и „оружје" сликовито ја претставуваат нормалната состојба на христијаните кои се во заедница со Бога, кој живее во вечна светлина на љубовта, вистината и правдата. Тие се во заедница со Него и оттаму потекнува тоа ниво на нивниот морал и живот.

„Оружјето" би го означувало квалитетот на тој живот. Единствено со него тој живот се правда и се докажува. Затоа на овој живот, во светлината на Божјето присуство, не му треба никакво оруже или орудие со кое би се бранел. Спремноста на човекот да ја разбере законитоста на човековото владеење, почива врз силата на божествената љубов. Христијаните отсекогаш ги познавале времињата, а на тој начин и луѓето околу себе. Павле сосем сериозно зборува за времето низ кое минувала црквата.

**Што може од тоа време да се примени на нашето време?**

Ако христијаните во тоа време, со својот висококвлитетен живот, сведочеле за верувањето дека се исполнуваат одредени знаци на времето и дека сето тоа е во Божја власт, каде се наоѓаме ние денеска, во ова последно време? Во „светлината", со „оружјето на светлината" или заспани во темнина? Што знаеме и што гледаме, а што не гледаме?

Остварените пророчки предвидувања во книгата на пророкот Даниел и во Откровението, нѐ уверуваат дека сме на прагот на вечноста. Во тек се значајни настани. Пророштвото од 2-та глава на Даниел, во врска со оној чудесен лик, детално се остваруваат. Нерамноправната битка на глината и железото постојано се води пред нашите очи. Во извесни моменти жарот

на таа борба во нас создава опасна напнатост. Борбата на ѕверот од Откровение 13 глава е упорна. Чудесна е таа енергија за таа борба, која не знае за смена на генерациите меѓу носителите на клучните идеолошки движења на системот на ѕверот. Другиот ѕвер не е подалку, туку се наѕира во темното зазорување и сосем е близу, јасен во своите барања, иако засега не ги истакнува. Се занимава со навидум важни проблеми, кои биле и останале проблеми на човечкото општество под силата на гравот и како такви ќе останат сè додека постои моралниот проблем на човекот. А она што навистина е значајно, стои на страна – како најважна споредна работа на светот. Но, за неа луѓето наскоро ќе се загреат – секој од свој аспект. Дали знаеш за тоа? Дали го гледаш? Или не гледаш и не знаеш?

Во тек е делото на чистење на Светилиштето. Наскоро ќе се одлучува за случајот на живите. Веќе се формира огромна група на оние кои одат по Јагнето каде и да „појде тоа". А малиот рог прави сè за да ја затемни и намали службата на „секојдневната" жртва. Дали тоа значи дека убавицата што јава на ѕверот од Откровение 17 глава станува сè поубава и попривлечна за светот? Сè побогата и повлијателна? Дали знаеш колку ја исмејува Онаа која е облечена во сонце и постојано има породилни маки? Дали знаеш дека понекогаш дури и нејзините „деца" ја исмејуваат? И спремни се да се откажат од неа кога етиката на ситуацијата тоа би го барала? Дали знаеш и дали гледаш? Или не знаеш и не гледаш?

Падот на моралот во општеството во наше време е повеќе од очигледен. Интересот, како главна законитост на односите меѓу луѓето, се јавува и почнува од она што дневната потреба за храна значително е зголемена, па сè до сложени односи. Штом интересот го нема, односите се влошуваат. Вистинскиот квалитет на односите е потиснат далеку и затоа се сретнуваме со длабоко разочарани луѓе. Логиката на интересите сурово владее и човечкото општество денес е во сè поголема опасност. Зад интересите стои егоизмот, како израз на „грижа" за сопствената егзистенција. Исус предупредил дека, во деновите кои бараат будност, овие „грижи" ќе бидат во комбинација со се-

бичните уживања и дека луѓето ќе бидат удавени во нив. А Христовите следбеници, рекол Тој, треба да се пазат – да стражарат. Борбата на итересите предизвикува поразителен страв. Сејачите на стравот, повторно во служба на своите или на туѓи интереси, го предизвикуваат во уште поголема мера. Гледајте што сѐ го застрашува денешниот човек? Што ме чека? – со право се запрашува човекот. Прашајте ги само преплашените очи, и без ниеден збор ќе добиете одговор кој значи: не знам ниту каде одам, ниту зошто сум овде и каде треба да стигнам! Прашајте, само прашајте ги луѓето околу себе и ќе се осведочите дека мрачното царство на стравот владее со цврста рака со денешниот човек и неговото битие. Во страв од стравовите на денешното време, луѓето умираат стоејќи. Исус зборувал за духовната и верската млакост, за недореченост на ставовите, за опасната игра со плурализмот, за неможноста да се дефинираат одредени и јасни вистини кои отсекогаш биле исти, без разлика на времето. Опасна е заспаноста на денешните христијани и причината за боравењето на христијаните на „темни подрачја“. Исус ги моли своите следбеници да „побегнат“ од ова. Да побегнат од постапаноста. Да побегнат од релативноста. Да побегнат од млакоста ирамнодушноста. Спасението е близу. Ноќта минува. Само што не зазорило!

*Сабота, 7 септември 2019*

## ОГНОТ НА ЕВАНГЕЛИЕТО

**„А слугите и служителите беа запалиле оган и стоеја и се грееја, зашто беше студено; и Петар стоеше со нив и се грееше“ (Јован 18,18).**

Исусовото сослушување било во тек и некои од учениците оддалеку ги следеле настаните во врска со нивниот Учител. Еден од нив бил Петар. Тој бил еден од темпераментните Христови ученици. Често знаел да постапи пренаглено и да отиде во друга краност. Тоа кажува дека огнот на евангелието се уште

не го проникнал и дека Петар, иако бил близу до Исуса, се уште неговата вера и доверба биле нестабилни. Три години се греел на изворот на евангелието, а сега стои пред оган со останатите луѓе и студено му е додека го посматра својот драг Учител како трпи исмејување и понижување.

Бил близу до својот Спасител, но и толку далку со своето негирање дека е Христов ученик. Некои од луѓето го забележале жарот што Исус го запалил во него, зашто говорот го издал. Но, тој стоел покрај огнот, се греел и како сиот да бил согорен, повеќе не го чувствувал огнот на евангелието.

**Прва димензија на Христовиот оган**

**„А тие говореа меѓу себе: зарем не гореше срцето во нас додека ни зборуваше патем и кога ни ги толкуваше писмата?“ (Лука 24,32).** На денот на воскресението се случило нешто што кај учениците го разгорел огнот на евангелието. Исус самиот ги потсетил своите ученици, кои со денови ги подгрејувал, не дозволувајќи огнот на евангелието во нив да згасне. Сега Исус го расчистувал пепелот што паднал на нивното срце и им го покажал правилото на христијанскиот живот, дека, кога сме со Исуса, огнот на евангелието гори. Тие тоа го изјавиле зборувајќи дека нивното срце гори додека се со Исуса.

Ние можеби сме запознаени со принципите на христијанството, интелектуално сфаќаме дека му припаѓаме на Исуса, можеби ни е студено и се грееме, како и Петар, посматрајќи го Исуса како го судат, или луѓето околу нас го исмејуваат. Можеби ти не си се откажал од него, но ги имаш особините на лаодикеец – студен си и млак. Затоа Исус ти дава рецепт – да го земеш златото вжештено во оган. Принципот на загревање е едноставен. Кога Исус е со нас, тогаш ни е топло, огнот на евангелието нѐ проникнува.

**Втора димензија на Христовиот оган**

Исус овој прицип го проширил. Кога си опфатен со огнот на Христовото евангелие ти мора да ги запалиш и другите. Пламенот се шири и опфаќа сѐ поголеми размери.

**Пример:**

Една стара легенда зборува за некој поклоник кој посетил некое познато светилиште. Во тоа светилиште имало олтар со оган. На тој оган запалил факел. Сакал пламенот од тој олтар да го пренесе дома и во своето лично светилиште да запали оган. Така, тој со запален факел тргнал кон својата куќа, внимавајќи огнот да не се угаси. Попатно го сретнала некоја стара жена. Било студено, а нејзиниот оган згаснал. Во тоа време се уште немало ќибритки, а немала со што друго да запали оган.

Затоа го замолила поклоникот да дојде и со својот факел да го запали огнот. Во почетокот не сакал бидејќи својот свет оган не сакал да го дели со никого. Најпосле, таа го убедила.

Одејќи патем западнал во големо невреме. Направил сè што можел за да го заштити пламенот, но не успеал. Поклоникот бил потиштен, но се сетил дека на жената ѝ дал од огнот. Се вратил кај неа и од нејзиниот оган го запалил својот факел. Притоа се сетил што ќе направел за малку. И тогаш рекол: Да не го поделев огнот со друг, засекогаш ќе го загубев и мојот оган.

Христовиот оган на евангелието го грее и го оспособува секого тој оган да го запали и кај другите. Овој оган останува запален единствено ако се дели со другите, и како таков добива една друга димензија, да ги спасува сите оние кои ќе го запалат огнот на Христовиот олтар.

Ако си дозволил да се угаси твојот оган, дојди повторно кај Исуса и тогаш ќе се запали.

**Трета димензија на Христовиот оган**

Огнот на евангелието има и трета димензија – тој чисти. Кога сме близу до огнот тој ги отстранува сите елементи кои не се потребни или пожелни за небесното царство. Неколку текстови од Светото писмо зборуваат за тоа.

„Зашто, никој не може да постави друг темел, освен оној што е поставен, Исус Христос. И ако некој врз овој темел ѕида злато, сребро, скапоцени камења, дрво, сено, слама, сечие дело ќе излезе на видело; Денот е го покаже,зашто ќе се открие во

оган, а огнот ќе покаже какво е чие дело. Оној кому ќе му остане тоа што го градел, ќе прими награда, а оној чие дело ќе изгори, тој ќе претрпи загуба, но самиот е се спаси, но така, како низ оган“ (1. Коринќаните 3,11-15).

Само Христовиот запален оган од неговиот олтар го чисти гревот во нас и нè спасува.

### Четврта димензија на Христовиот оган

„Зашто еве, доаѓа ден вжарен како печка; горделивите и злосторниците е бидат како плева; денот кој наближува, е ги изгори - говори Господ над Воинствата - та нема да им остави ни корен ни гранче“ (Малахија 4,1).

Кога Исус ќе дојде по втор пат, ќе го изгори гревот на оваа земја и ќе ја очисти за вечен живот.

„Но, денот Господов ќе дојде како крадец во ноќта, во кој небесата ќе поминат со голема бучава, а вжарените стихии од огнот ќе се распаднат и земјата ќе изгори со дела што се на неа“ (2. Петрово 3,10).

### Заклучок

Исус не сака никој од нас да биде опфатен со огнот кој ќе го согори гревот на оваа земја. Тој сака сега да н  очисти со пламенот на својата љубов, оган кој гори и не согорува, како огнот што горел во грмушката пред Мојсеја. „И му се јави ангел Господов од капината, во огнен пламен кој не согоруваше, и погледна, а тоа капината гори во оган а не согорува“ (2. Мојсеева 3,2). Тој му се јавил на Мојсеја, но и на пророкот Еремија кој вели, „ Господ му се јави од далечина: ’Те љубам со вечна љубов, затоа ти запазив милост’“ (Еремија 31,3).

Тоа вечно евангелие, огнот на Божјата љубов му е потребен на секој човек, а јас и ти го имаме. Да не дозволиме тој да се угаси. Да бидеме близу до него кога ни е ладно. Исус нека го разгорува тој пламен во нас, и тоа ќе помогне преку нас да гори тој огнот уште за многумина.

**Градиво за саботна школа**
**3/2019**

# МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и**
**техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**